Република Северна Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка на Општината
Центар РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ-КОРЧАГИН
Бр. 04-252/6
28.07.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз осова на член 45 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 14/20), а во врска со Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и предлог на кандидати за вработување бр.10-1109/10 од 28.07.2025 година, Директорот на ЈУДГ ОЦ „Раде Јовчевски Корчагин“ - Скопје донесе

**О Д Л У К А**

за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

1.За извршител на работното место со шифра ДЕЗ 0102Г04 002 Помлад референт – Сметководител, административен оддел, се избира кандидатот:
 - Ивана Кркачева
2.Оваа одлука да се достави до избраниот кандидат и да се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.
3.Со именуваниот од точка 1 од оваа одлука, ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време, по конечноста на одлуката.

**Образложение**

На ден 10.06.20215 година,во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха“, и на веб-страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 446/2025 за вработување на административен службеник во ЈУДГ ОЦ „Раде Јовчевски Корчагин“- Скопје на работно место ДЕЗ 0102Г04 002 помлад референт – сметководител, административен оддел.
Со решение бр.10-1109/6 од 03.07.2025 година, од страна на Агеницијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката за вработување.
Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, на ден 30.06.2025 година спроведе административна селекција и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-1109/7 од 03.07.2025 година. На ден 18.07.2025 година Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, спроведе испит за уредните кандидати и состави Записник од спроведениот испит за административниот службеник бр.10-1109/8 од 18.07.2025 година. На ден 25.07.2025 година спроведена е проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник и е составен Записник од спроведената проверка на веродостојност на доказите и интервју за административен службеник бр.10-1109/9 од 25.07.2025 година.
Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, до ЈУДГ ОЦ „Раде Јовчевски Корчагин“- Скопје, е доставена конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и предлог за вработување на кандидати бр.10-1109/10 од 28.07.2025 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:**Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на веб-страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
-Агенција за администрација
-Кандидатот
-Архива

Директор
Елена Устамитова